Врз основа на член 5 од Законот за преземање на административните службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички системи и односи помеѓу заедниците (Службен весник на Република Северна Македонија бр.302/2020) и член 34 став 1 алинеа 7 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер (Сл. весник на Република Северна Македонија број 101/2019), Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на ден 12.02.2021 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, (број на основниот акт 01-439/2 од 06.10.2020 година).

### Член 2

Во делот IV. Опис на работни места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во точка 3. Одделение за ИКТ – информатички и комуникациски технолгии, на работно место 10. Помлад соработник за ажурирање на базата на податоци, Шифра УПР 01 01 В04 000, во делот вид на образование, зборот: "или" се менува со запирка, а после зборот "електротехника" се додаваат зборовите: " или телекомуникационо инжинерство".

### Член 3

Во делот IV. Опис на работни места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во точка 5. Сектор за соработка, транспарентност и едукација, поточка 5.1. Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, по работното место 30. Советник за преводи, УПР 01 01 В01 000 се додава ново работно место:" 30-а Помлад соработник за односи со јавност – ПР".

| **5. СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ЕДУКАЦИЈА** | |
|---|---|
| **5.1. Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација** | |
| **Реден број** | 30-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за односи со јавност-ПР |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделение за односи со јавност транспарентност и едукација |
| **Вид на образование** | Политички науки или јавна управа и администрација |
| **Други посебни услови** | / |

| | |
|---|---|
| **Работни цели** | - Извршување на наједноставни рутински работни задачи кои се однесуваат на информирање на јавноста за работењето на Агенцијата и промовирање на концептот на слободен пристап до јавно достапни информации. |
| **Работни задачи и обврски** | - помага во извршувањето на активности дефинирани во програмата на Одделението;<br>- помага при уредување и ажурирање на интернет страната на Агенцијата;<br>- учествува при подготовка на вести, информации, извештаи и соопштенија, за значајни настани, одржани обуки, работилници и други активности на Агенцијата<br>- помага при одговарање на доставени барања за јавно достапни информации во посед на Агенцијата;<br>- помага при организирање и одржување на прес конференции;<br>- помага при пишува информации за медиуми;<br>- помага при подготвување на брошури, публикации, билтени и друга промотивна литература што ја издава Агенцијата;<br>- учествува во подготовка на стратегија за комуникација и изготвува извештаи за нејзино спроведување. |

**Член 4**

Во делот IV. Опис на работни места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во точка 5. Сектор за соработка, транспарентност и едукација, поточка 5.1. .Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, работното место со реден број 31. и назив на работно место Помлад соработник-преведувач, шифра УПР 01 01 В04 000, во делот број на извршители, бројот "1" се заменува со бројот "2".

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор
Пламенка Бојчева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 01-66/2
12.02 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP